ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# Светот на виктор

***Марија Светиева, графики и цртежи во Изложбениот салон на ДЛУМ - Кеј „13 Ноември“, април-мај 2000***

ВИКТОР е мало дете. Дете како дете, како и сите други деца. Тој сака да си игра. Меѓутоа, сака и да си црта, да измислува, да креира. Во неговите очи сѐ е весело и фантастично.

ВИКТОР сака кучето да е сино и тоа е сино.

ВИКТОР сака детето да е поголемо од куќата и тоа е така. Коњчињата на ВИКТОР лебдеат на небото. Луѓето се во форма на лижавчиња, балони, листови од зеленило или плодови.



ВИКТОР сака пешачкиот премин да е вертикално поставен. На небото, наместо ѕвезди, летаат балони. За него тоа е жолто, а тревата е црвена.

ВИКТОР не се оптоварува со поимите длабочина, хоризонтала, вертикала, перспектива.

Во светот на ВИКТОР нема горе и долу.

Месечината му намигнува на ВИКТОРА и му се смешка помрднувајќи го црниот мустаќ. Тој го црта виножитото и ветрето како си игра по тлото и во воздухот.

ВИКТОР е синчето на Марија Светиева. Сеедно, и да не е, тој е синоним за детското во нас, за свесно потиснатото детство, кое секоја возрасна единка го заклучила во меморијата. Марија е графичар. Гледајќи ги и уживајќи во креациите на својата рожба, како ретко кој родител, таа ги прифатила. И решила да ѝ ги претстави на јавноста. Светот на Марија одеднаш од свет полн со грижи и етички и естетски кодекси се променува. Соочувајќи се со сонот. Нејзините креации се исполнуваат со оптимизам и чувства, љубовта и радоста на мајчинството, кои ги пополнуваат празнините, настанати поради недостаток на ликовни елементи. Прифаќајќи ја детската игра, Марија успева како визуелен запис да ги пренесе едноставните и прочистените облици, навидум расфрлани низ рамнината (листот хартија). Иако приматот во нејзиниот творечки момент го има диктатот на потсвеста, не може а да не се забележи хуанмировското влијание, во кое чувството за простор е секогаш присутно и нагласено. Дури и композициската поставеност на елементите од цртежот и употребените форми укажуваат на влијанија од Хуан Миро и надреализмот.

Употребата на графичкиот медиум ни укажува дека станува збор за процес којшто покрај творечкиот момент го изискува и техничкотековниот елемент. Така, во графиките на Марија се забележува прецизно замислена композиција, која во себе ги содржи сите елементи на надреалистичкото искажување. Марија се покажува како добар графичар со применувањето на поголем број техники: акватинта, бакропис, ситопечат и ксилографија, искомбинирани со колаж. Половината од изложените дела се цртежи и пастели, кои овозможуваат диктат на потсвеста и брзо создавање на визуелната творба. Стилот и бојата во двата медиума остануваат исти.

Со оваа своја изложба, Марија Светиева ѝ се претставува на македонската јавност по една деценија работа во странство. Таа повремено живее и работи во Рим, каде што, несомнено, има можност да се запознае и да биде во тек со сите случувања и тенденции во графиката. Добитник е на осум награди за графика и две за цртеж во Македонија, една во Суботица-СР југославија, три во Стокхолм-Шведска и една во Венеција-Италија. Учествувала на 77 групни изложби во Македонија, Европа и Јапонија. Ова ѝ е 17 самостојна изложба. Во 1987 год. дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во 1990 год. оди на специјализација по графика во Болоња-Италија, а од 1991 станува член на Интернационалното друштво на графичари во Рим.

Нада ПЕШЕВА